# З А П И С Н И К

Од вонредната седница на Советот на општина Брвеница, одржана на 29.12.2023 година, (петок) со почеток во 13.00 часот во просториите на општина Брвеница

**Присутни: 10** советници.
**Отсатни: 5**

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот Бујамин Руштити, кој констатира дека од бројот на присутните советници има кворум за полноважно одлучување.

За работа на седницата се предложи следниот дневен ред.

## Дневен ред

1. Изменување и доплнување на Годишната програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на општина Брвеница за 2023/2024 година.
2.Одлука со која се дава согласност за кофинансирање за проектот ,,Реконструкција на улица во с.Долни Челопек ( Циле Маало ) КП 5003/1, КП 5003/2 и други.

Претседателот на Советот ги прочита точките и кажа, оваа седница се состои од 2 точки од кои едната е измената на Програмата за градежно земјиште која веќе ја имавме минатата седница на дневен ред но поради технички причини мораше да се изврши измена и дополнување на итата.
Ја прочита и втората точка од дневниот ре и кажа, се работи за кофинансирање од страна на општината а финансиските средства ќе се обезбедат од МЛС.

Претседателот на Советот праша дали има уште некој за измени и дополнувања на дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот дневниот ред го стави на гласање и истиот едногласно се усвои од присутните 9 советници.

## I

По однос на првата точка од дневниот ред ,, Изменување и доплнување на Годишната програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на општина Брвеница за 2023/2024 година,,

Соодветниот од општината кажа дека се работи за програмата со мала измена на урбанистичките планови во парцелите во Волковија како сто беше усвоено на минатата седница, сега треба да направиме измена и дополнување на истата бидејќи тој ден некои парцели неможевме да ги ставиме бидејќи одобрението ни стигна на 15.12.2023 година а вас материјалот ви беше пратен на 13.12.2023 година. Имате прикажано табеларно,ако некој сака нешто да праша да му објаснам нека повели.

Претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Абеб Нухии и кажа, програмата за 2024 се усвои на минатата седница на 21.12.2023 година. Тука имам забелешка а се надевам и другите советници ја имаат истата забелешка, кога правите вакви измени на вакви програми треба да има вклучено и советници бидејќи тоа им е надлежност на советниците и е по закон. За обемот на овие парцели треба да одлучи Советот а не како во случајов вие да донесете одлуки или да вршите некаков притисок по

нечија вина што не е  на време доставен материјалот. Ние прво го читаме материјалот па донесуваме одлука, а не само да носиме без претходно знаење. Вакви работи во иднина би ве замолил да не се повторат.

Претседателот на Советот кажа,  во право сте со вашата забелешка но тука е техничка грешка, и Арменд кажа се е табеларно прикажано и се наведени сите парцели кои се дел од продажбата но сепак вашата забелешка е земена во предвид.

Бидејќи на почетокот ги поминавме парцелите во Теново и Челопек, остана уште еден дел од градежните парцели на с.Волковија, се надевам дека навремено ке бидете известени.
Се работи за годишната програма за 2023-2024 година за продавање на градежно земјиште на РСМ.

Претседателот на Советот точката **„**Годишната програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на општина Брвеница за 2023/2024 година**„** ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните 9 советници.

**II**

По однос втората точка на дневен ред, „Одлука со која се дава согласност за кофинансирање за проектот „Реконструкција на улица во с.Долни Челопек ( Циле Маало ) КП 5003/1, КП 5003/2 и други„ Претседателот на Советот ја прочита точката и кажа, треба да донесеме одлука за кофинансирање за на пролет да почне проектот да се реализира а во продолжение ке имаме и за други улици и во други села. Пред вас ги имате вредностите што се предвидени за овој проект,сигурно сте прочитале.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот точката **„**Одлука со која се дава согласност за кофинансирање за проектот „Реконструкција на улица во с.Долни Челопек ( Циле Маало ) КП 5003/1, КП 5003/2 и други, ја стави на гласање и истата беше прифатена од присутните советници.

По исцрпување на точките на дневниот ред заврши вонредната седница на Советот на општина Брвеница.

**Записничар**
Наташа Стојческа

**Претседател на Совет**

**Бујамин Рушити**

**Бр.08-2600/2**
**29.12.2023 год.**
**Брвеница**